# ДВАПАТИ ЗЛАТНИ



*Пишува: Спасо Марковски*

***Редакцијата на АРО и го честита големиот успех на репрезентацијата на Македонија во HST***

Долго време бев во дилема дали да се огласам во "АРО" со информација за тоа што всушност се случува со државната репрезентација во ХСТ. Сепак, сметав дека основна моја активност треба да биде работата со државната селекција а резимето да следи веднаш по СП во Констанца. Тоа не значи дека работев на своја рака. Мојата работа се одвиваше врз претходно усвоените План и Програма од страна на ИО на РСМ. Секојдневни беа контактите и договорите со Претседателот на РСМ и ресорниот менаџер, а за секоја завршена работа истите беа информирани преку писмени извештаи.

Прв чекор што го направив беше поширока селекција на потенцијалните репрезентативци во сите старосни категории во машка и женска конкуренција. Единствено немавме кандидатки во категоријата жени ветерани. За разлика од оваа категорија, конкуренцијата за избор во категоријата жени јуниори беше најголема. Оваа состојба датира од 33-от Собир во Матејче одржан во октомври 2000 година. Со големо задоволство констатирав дека Р.К. "ДИВНА" (Z37FDM) од Берово е расадник на млади таленти. Од овој клуб во редот на репрезентативците изборот падна врз: Аждерска Тања, Постолова Билјана, Наџинска Љупка (јуниорки) и Поп Ѓорѓиев Ѓорѓи (јуниор). Од РК "ИСКРА" (Z37KXY) од Кавадарци изборот се сведе на: Таскова Дијана (јуниорка), Атанасов Данчо (јуниор), Николов Дејан Z32MV (сениор) и Марковски Младен Z32MB (ветеран). Кон нив се придружија уште Табаковски Оливер Z32TO (сениор) и јас во конкуренцијата ветерани – двајцата од Скопје.



Комплетната репрезентација на РСМ во HST на 4-то Светско првенство

Од првата заедничка средба и еднодневни колективни подготовки на 04.11.2000 година во Кавадарци до заминувањето на СП, заедно со Оливер имавме седум патувања до Берово и Кавадарци. Се репрезентативците работев во сите елементи на HST: воведување систем на замени при прием на текстови, предавање на текстови со електронски прекинувач (за оваа цел успеав на репрезентативците од Берово да им обезбедам два квалитетни електронски прекинувачи), како и практичните тестови RUFZ и PED. Големо задоволство беше да се види како

сите, без исклучок, со голем елан и ентузијазам работат секојдневно. Логично, резултатите се покажаа по пет месеци, на првиот Изборен републички натпревар на 07.04.2001 година одржан во Кавадарци. Таму беа договорени понатамошните активности со секој репрезентативец одделно. На вториот изборен републички натпревар на 05.05.2001 година во Берово репрезентативците покажаа уште подобри резултати и со тоа беше потврдена оправданоста на мојот избор. Со резултатите од двата изборни натпревари веќе имавте можност да се запознаете.
Планираните седумдневни колективни подготовки не се спроведоа. Причината за тоа е многу стара - парите. Убеден сум дека, доколку овие подготовки беа спроведени, резултатите постигнати на СП ќе беа повисоки за десетина проценти.
Искрено жалам што Данчо и Дејан не патуваа во Констанца (пак поради парите), а репрезентацијата замина на СП во следниот состав, по категории:
јуниорки - Дијана и Љупка, јуниор - Ѓорѓи, сениорки - Тања и Биљана, сениор - Оливер и ветерани - Младен и Спасо.



Свечено затворање и доделување на наградите

На СП учествуваа претставници од 16 земји. Секако, присутни беа и најсериозните претенденти за висок пласман: Русите, Белорусите, домаќините - Унгарците, но и ние бевме таму. Никој не очекуваше дека токму ние можеме да бидеме фактор на изненадување. Тоа го знаевме само ние и овој факт љубоморно го чувавме до самиот натпревар. Тука најмногу ни помогнаа информациите од натпреварите во Белорусија и Русија на кои Оливер скоро без исклучок учествуваше.

П Л А С М А Н А ЧЛЕНОВИТЕ НА МАКЕДОНСКАТА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА

| Презиме и Име | Прием | Предавање | RUFZ и PED | Генерален пласман |
|---|---|---|---|---|
| **Јуниорки**: | | | | |
| Таскова Дијана | 7 | 5 | 10 | 7 |
| Наџинска Љупка | 10 | 9 | 11 | 10 |
| **Јуниори:** | | | | |
| Поп Ѓоргиев Ѓорги | 12 | 13 | 11 | 11 |
| **Сениорки:** | | | | |
| Аждерска Тања | 9 | 10 | **Златен Медал** | 9 |
| Постолова Биљана | 11 | 11 | 9 | 11 |
| **Сениори:** | | | | |
| Табаковски Оливер | 6 | 10 | 7 | 7 |
| **Ветерани:** | | | | |
| Марковски Младен | 10 | 15 | 4 | 11 |
| Марковски Спасо | 8 | 8 | **Златен Медал** | 4 |

Резултатите во прием беа во рамките на нашите моментални можности, а тоа значеше и постигнување на нови државни рекорди. Оливер прими: 250 букви, 350 бројки и 230 мешан текст. Тања прими за почит 190 мешан текст. Моите 320 бројки и 190 мешан текст се најдобро мое постигнувања на едно СП.

И резултатите во предавањето беа соодветни на нашите можности. Овде морам да подвлечам дека потфрлив во предавањето на мешаниот текст што беше причина да не го освојам бронзениот медал во оваа дисциплина.

Е, кога сме кај RUFZ-от и PED-от да кажам: "Дојдовме на наш терен". Со моите 60717 поени на RUFZ бев трет зад Станислав Зеленов UA4VBW со 68129 и LZ1BP со 62341 поени. Но, со моите 2422 поени на PED (нов апсолутен државен рекорд) убедливо им избегав на Станислав и на Тодор. Вистина, многу е пријатно чувството да се биде пред сите а посебно пред Станислав – вистинска легенда на светското HST. Беше достоинствен и од се срце ми ја честиташе победата. Доколку не беше киксот во предавањето во севкупниот пласман ќе бев втор и ќе понсев сребрен медал. Штета, но и памет за во иднина! А Младен е 4-ти на светот.

Резултатот на Тања во RUFZ од 106421 поени (нов апсолутен рекорд на Македонија и светски рекорд кај жените) напросто ги парализира сите, освен нас. Споредете, Белорусинката Оља EW1AAH постигна резултат од 77142 а третопласираната Лариса EU7KT само 71661. Напросто, беа зашеметени! Резултатот на Тања во апсолутна конкуренција е 8-ми во светот (првите 7 се на мажите). А се уште нема 16 години! **Vunderkind** - чудо од дете. Нејзините 2180 поени на PED беа апсолутно доминантни наспроти нејзините конкурентки со 1880 и 1668 поени. Тања е светски првак со разлика од 46,4 поени, или во проценти 23,2%! Луѓе мои, дали е ова можно? Да, ние сме Македонци!




Слика лево: Носителите на златните медали: Тања Аждерска и Спасо Марковски заедно со Претседателот на РСМ Трајко Ѓорчевски, Z35A

Секој член на репрезентацијата даде голем придонес во својата категорија, па така во екипен пласман го заедовме 5-то место, зад Русија, Белорусија, Романија и Унгарија. Го потврдивме пласманот од 1995 година во Унгарија, ама со поголем број поени – 2168,7 наспроти 1081,3.

Честитките што ги примавме навистина ни годеа. Тие се признание за нашата успешност, но и почит кон нашиот Сојуз и нашата држава. Во иднина сите ќе мораат и нас да не имаат во предвид кога ќе планираат колку и какви медали ќе освојат.

Дружењето беше посебна приказна. Младоста, искреноста, другарството, песната – беа се она што сите ги привлекуваше и буквално сите сакаа да се дружат и се дружеа со нас. Покажавме дека сме силни не само на натпреварот туку дека сме големи и како луѓе.

Да резимирам. Успехот е огромен. Во светот сме 5-ти а во поединечна конкуренција имаме два светски шампиони – две злата! Досега невидено и недоживеано кај нас. Можеме ли повеќе од ова?

Сигурно дека можеме! И ќе го сториме тоа! Ми беше чест да работам со овие прекрасни луѓе. Од се срце им благодарам за убавите мигови што ги доживеавме заедно. Мојата 25 годишна работа во HST сепак не е залудна. Но, успесите се наши, заеднички.

До Минск 2003 година на 5-то СП, сите Ве сакам!

***Спасо Марковски, HST тренер***